# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2018 ГОДИНА

Здравственовоспитните активности беше продолжено да се спроведуваат и во текот на второто полугодие од 2018 година за населението во Скопскиот регион. Истите се спроведуваа согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2018 година, согласно Годишниот план за работа на Центарот за јавно здравје Скопје, како и по барање на установите.

Во координација со општините на подрачјето на град Скопје, здравствено–едукативните активности се спроведуваа во основните училишта, во средните училишта, во установите за згрижување на мали деца од 0-6 години и во установите за згрижување на старите лица.

Здравствената едукација се спроведуваше преку одржување на предавања, трибини, индивидуални едукации, групни едукации, советувања и сл. Едукаторите согласно темите, едукациите ги спроведуваа со презентирање на едукативни содржини со презентации во MS Office Power Point, и со дистрибуција на печатен материјал на слушателите.

За таа цел, во второто полугодие од 2018 година, беа посетени десет основни училишта и нивните подрачни единици, шест средни училишта, три детски градинки и нивните објекти кои гравитираат кон истите и четири установи за згрижување на стари лица.

Исто така, во здравствените установи беа дистрибуирани постери, брошури и флаери и тоа во девет Поликлиники на подрачјето на Град Скопје како и во ординациите од Примарната здравствена заштита, на матичните доктори.

Здравствена едукација се спроведуваше и во Центарот за јавно здравје Скопје во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Во Центарот за јавно здравје Скопје се спроведуваа и Обуки за основни знаења за безбедност на храната.

Едукациите беа спроведувани од стручни лица, како во, исто така, и вон Центарот за јавно здравје Скопје и тоа од:

- Доктори специјалисти ;
- Доктори по општа медицина;
- Дипл. социјални работници;
- Дипл. педагог и
- Дипл.медицинска сестра со специјализација.

Споменатите кадри во текот на второто полугодие на 2018 година, учествуваа и на едукативни обуки, работилници и други семинари вон Центарот за јавно здравје Скопје.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во ***основните училишта*** беа реализирани **со 288 предавања со опфат на 6267 ученици**.

На *подрачјето на Скопскиот регион,* ***во средните училишта беа*** **одржани 422 предавања со опфат на 5552 ученици**.

Во ***предучилишните установи*** за згрижување на мали деца од една до шест години беа **опфатени 707 деца со одржани 20 едукации**.

Во четири **установи за згрижување на стари лица**, беа одржани **пет предавања со опфат на 181 старо лице.**
Во основните и средните училишта беа одржани вкупно **17 трибини** со **опфат на 424 ученици** на теми поврзани со едукативните предавања.

Во ***Советувалиштето за откажување од пушење*** при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани пет групни предавања и по завршувањето на предавањата беа анкетирани 48 лица. Започнати се две индивидуални едукации на две лица за откажување од пушење, кои се во тек.

Во извештајниот период, стручно лице од ***Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје***, опфати 213 ученика од средните училишта на Скопскиот регион, на кои беше спроведено анкетно истражување. Исто така, во координација со педагошко-психолошките служби во училиштата беа поделени 405 кондоми. Бидејќи кај учениците постоеше голем интерес од областа на репродуктивното здравје, учениците изразија несомнено голема желба за понатамошни советувања во ЦЈЗСкопје.

Во Скопскиот регион беше дистрибуиран печатен едукативен материјал или беа поделени вкупно **3670 *постери, брошури и флаери*** на следните теми:

- Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално здравје;
- Скрининг на рак на грло на матка;
- Препознај ги симптомите - Упатство и листа за чекирање на симптомите за рак на дојка;
- Мое срце, Твое срце.

Печатениот материјал беше дистрибуиран во сите девет Поликлиники на подрачјето на Скопје, во Скопските болници на Одделенијата по

гинекологија и акушерство, како и во ординациите по општа медицина, на матичните доктори.

## I. Здравствена едукација на предучилишни деца

Во второто полугодие од 2018 година, беа посетени три јавни детски установи за згрижување на предучилишни деца.
Беа посетени:

- ЈОУДГ ,,Мајски цвет'', општина Карпош со три објекти:
  - Објект ,,Тафталиџе''
  - Објект ,,Тафталиџе 1''
  - Објект ,,Тафталиџе 2''

- ЈОУДГ ,,Распеана младост'', општина Карпош со три објекти:
  - Објект ,,Козле''
  - Објект ,,Пролет 2''
  - Објект ,,Сончогледи''

- ЈОУДГ „Весели Цветови“, со пет објекти:
  - Објект ,,Синоличка''
  - Објект ,,Кокиче''
  - Објект ,,Сончоглед“
  - Објект ,,Мимоза''
  - Објект ,,Перуника''

Во објектите на градинките беа опфатени 707 деца и беа одржани 20 предавање на следните теми:

1. Лична хигиена,
2. Здрава исхрана и
3. Здравствен бенефит од редовни физички активности.



**Предучилишни деца од Јавна Општинска Установа Детска Градинка (ЈОУДГ)**

## II. Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа опфатени 6267 ученици на кои им беа одржани вкупно 288 предавања. Предавањата беа одржани во основните училишта во следните општини:

- О.У. ,,Љубен Лапе”, општина Аеродром;
- О.У. ,,Ѓерѓ Кастриот Скендербег”, општина Арачиново;
- О.У. ,,Живко Брајковски”, општина Бутел;
- О.У.,,Крум Тошев”, општина Гази Баба;
- О.У. ,,Вера Јоциќ”, општина Гази Баба;
- О.У. ,,Партение Зографски”, општина Кисела Вода;
- О.У. ,,Ѓорче Петров”, општина Ѓорче Петров ;
- О.У. ,,11 Октомври”, општина Центар;
- О.У. ,,Бајрам Шабани”, општина Сарај и
- О.У. ,,Браќа Рамиз и Хамид”, општина Шуто Оризари.




**О.У. ,,ЖИВКО БРАЈКОВСКИ”**
**-ОПШТИНА БУТЕЛ-**






**О.У. ,,БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД”**
**-ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-**




**О.У. ,,КРУМ ТОШЕВ”**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, С. ТРУБАРЕВО**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани на следните теми:

- Лична хигиена;
- Превенција од небезбедна вода за пиење;
- Исхрана – Здрави училишни оброци;
- Здравствен бенефит од редовни физички активности;
- Болести на зависност и
- Социјално-медицински аспекти на пушењето.

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Здравствено - воспитната активност во Скопскиот регион продолжи и во второто полугодие од 2018 година и за таа цел беа посетени средните училишта.

Во средните училишта беа одржани предавања, трибини, беше дистрибуиран пропаганден материјал (флаери и брошури), како и беа дистрибуирани кондоми во координација со педагозите и психолозите од соодветните училишта.

Во средните училишта се вршеше и анкетно истражување на учениците од областа на сексуално-преносливи болести, како и советување на учениците.

За таа цел беа одржани вкупно 422 предавања со опфат на 5552 ученици во следните средни училишта:

- СУГС ,,Владо Тасевски” во општина Аеродром;
- СЕПУГС ,,Васил Антевски Дрен” во општина Кисела Вода;
- СУГС ,, Ѓорѓи Димитров”, општина Карпош;
- СУГС ,,Сарај” во општина Сарај;
- СУГС ,,Цветан Димов” во општина Чаир и
- СУГС ,,Шаип Јусуф” во општина Шуто Оризари.

Предавањата беа одржани на следните теми:

- Исхрана - Здрави училишни оброци и
- Сексуално-преносливи инфекции





**СУГС ,,ЃОРЃИ ДИМИТРОВ”**
**-ОПШТИНА КАРПОШ-**





**СУГС ,,ШАИП ЈУСУФ”**
**-ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-**






**СУГС ,,ЦВЕТАН ДИМОВ"**
**-ОПШТИНА ЧАИР-**



**СУГС ,,ВЛАДО ТАСЕВСКИ"**
**-ОПШТИНА АЕРОДРОМ-**

## IV Одржани трибини во основните и средните училишта

Во основните и средните ушилишта беа одржани вкупно 17 трибини со опфат од 424 ученици. На трибините, стручните лица користеа брошури и флаери кои беа дистрибуирани на учениците.

Трибините беа одржани во следните училишта:

- О.У. ,,Браќа Рамиз и Хамид” , општина Шуто Оризари;
- О.У. ,,Ѓерѓ Кастриот Скендербег”, општина Арачиново;
- О.У. ,,Живко Брајковски”, општина Бутел;
- О.У. ,,Љубен Лапе” , општина Аеродром;
- О.У. ,,Бајрам Шабани” , општина Сарај;
- О.У. ,,Ѓорче Петров”, општина Ѓорче Петров;
- О.У. ,,11 Октомври”, општина Центар;
- СУГС ,,Владо Тасевски”, општина Аеродром;
- СЕПУГС ,,Васил Антевски Дрен”, општина Кисела Вода;
- СУГС ,, Ѓорѓи Димитров”, општина Карпош;
- СУГС ,,Сарај” , општина Сарај;
- СУГС ,,Цветан Димов” , општина Чаир и
- СУГС ,,Шаип Јусуф”, општина Шуто Оризари.

Исто така, беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции;
- Контрацепција;
- Болести на зависност;
- Здравствен бенефит од редовни физички активности;
- Исхрана – здрави училишни оброци;
- Пушењето и младите;
- Лична хигиена и
- Исхрана и здравје

## V Во состав на Одделението за социјална медицина функционираат две советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

### V.1. Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во второто полугодие од 2018 година, беше извршено анкетно истражување на 213 ученика во средните училишта на подрачјето на град Скопје.
На учениците им беа поделени 95 брошури на следната тема:
,,Најчести прашања и одговори за вашето сексуално и репродуктивно здравје". За истото прашање беа одржани пет предавања.
Во координација со педагошко-психолошките служби во училиштата им беа поделени вкупно 405 кондоми.

V Во состав на Одделението за социјална медицина функционираат две советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

V.1. Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во второто полугодие од 2018 година, беше извршено анкетно истражување на 213 ученика во средните училишта на подрачјето на град Скопје.
На учениците им беа поделени 95 брошури на следната тема:
,,Најчести прашања и одговори за вашето сексуално и репродуктивно здравје". За истото прашање беа одржани пет предавања.
Во координација со педагошко-психолошките служби во училиштата им беа поделени вкупно 405 кондоми.

## V .2. Советувалиште за откажување од пушење

Во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење во второто полугодие од 2018 година немаше посебен интерес од страна на клиентите за откажување од пушење.

Клиентите кои ја посетуваат Обуката за основни знаења за безбедност на храната беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, да донесат самостојна одлука за започнување со откажување од пушењето со помош на индивидуална едукација и третман, со метод кој се спроведува од тим на лекар и медицинска сестра.

За таа цел беа одржани пет предавања и двајца кандидати започнаа со индивидуални едукации кои се во тек.

Исто така, беа спроведени 48 анкетни истражувања на клиенти за откажување од пушење.

## VI. Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во второто полугодие од 2018 година беа посетени четири установи за згрижување на стари лица.

Предавањата беа на тема ,,Унапредување на здравјето на старите лица” и за таа цел беа опфатени 707 стари лица.

Беа посетени следните установи:

- ЈЗУ Геронтолошки завод Скопје, општина Ѓорче Петров;
- ПУСЗДП ,,Идила Терзиева”, општина Бутел;
- ПУСЗ ,,Резиденција Дабески” општина Кисела Вода и
- ПУСЗ ,,Жана С “, општина Бутел.



**ПУСЗДП ,,ИДИЛА ТЕРЗИЕВА"**
**-ОПШТИНА БУТЕЛ-**



**РЕЗИДЕНЦИЈА ДАБЕСКИ**
**-ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА-**



**РЕЗИДЕНЦИЈА ДАБЕСКИ**
**-ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА-**

## VII. Изготвен едукативен материјал

Во второто полугодие од 2018 година беа изготвени две брошури на следните теми:

1. Унапредување на менталното здравје кај младите и
2. Сексуално и репродуктивно здравје.

## VIII. Едукативни текстови на WEB страната на ЦЈЗСкопје за одбележување светски денови, недели според Календарот на Светска здравствена организација:

- Светски ден за борба против хепатитот, 28 јули 2018
- Светска недела на доењето, 01- 07 август 2018
- Светски ден на ментално здравје, 10 октомври 2018
- Светски ден на Дијабетот, 14 ноември 2018
- Светски ден на Хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), 21 ноември 2018

- Светски ден на борба против Сидата, 1 декември 2018

## IX. Обуки за основни знаења за безбедност на храната

Во Центарот за јавно здравје Скопје се спроведуваа и Обуки за основни знаења за безбедност на храната како и Правила за добра хигиенска пракса и заштита на животната средина.

Во второто полугодие беа одржани вкупно 91 предавање на вкупно 106 клиенти .

Клиентите кои ја посетуваа Обуката беа од 24 фирми за производство, промет и дистрибуција на храна.

Предавањата опфатија едукација од 15 часа на следните теми:

- Законодавство од областа на безбедноста на храната;
- Безбедност на храна;
- Болести кои се пренесуваат преку храна;
- Хигиена на објекти за производство и промет на храна;
- Контрола на безбедност на храна и
- Безбедност на храната и животна средина.





**Центар за јавно здравје Скопје**

---

**2019, јануари**

**Изготвил:** Прим. д-р. спец. д-р сци. Персида Малинска, Шеф на Отсек во Одделение за социјална медицина.